Одговор:

Во однос на првото прашање: Одлуки за службени патувања на делегации кои ги предводела министерката за одбрана, Славјанка Петровска во период јуни 2022 - 15 јули 2023 година.

Службените патувања во странство се реализираат врз основа на упатена покана од соодносна држава. По утврдување на темите за разговор, а согласно функционалните должности се одредува составот на делегацијата и за истите се подготвуваат Решенија за службен пат.

Согласно Законот за заштита на лични податоци, не сме во можност да Ви ги доставуваме Решенијата, од причини што истите имаат матични броеви за секој поединечно. Истовремено посочуваме дека информациите кој патувал во секоја делегација Ви ги доставуваме во образложението.

Службените патувања во наведениот период е како што следи подолу:

2022 година

Јуни 2022

1. Во рамки на работната посета и одржување на првиот стратешки дијалог помеѓу Северна Македонија и САД, министерката за одбрана Славјанка Петровска, во периодот 29 мај - 06 јуни престојуваше во неколкудневна посета на САД.

На првиот досега стратешки дијалог помеѓу Северна Македонија и САД освен министерката Петровска, од македонска страна учествуваа и МНР Османи и МЕ Бектеши, додека американската страна беше претставена од помошничката на државниот секретар Карен Донфрид, заменик-помошничката на секретарот за одбрана на САД, Лора Купер и други високи претставници на Стејт Департментот и на Пентагон. Во Стејт Департментот, Петровска се сретна и со помошничката на државниот секретар и шеф на Бирото за воено-политички работи, Џесика Луис.

Министерката Петровска во Вашингтон оствари повеќе средби со високи официјални лица на Пентагон, меѓу кои и со помошничката на секретарот за одбрана, Селесте Валандер, командантот на Националната гарда на САД, генералот Даниел Хокансон, командантот на Националната гарда на Вермонт, генерал-мајор Грегори Најт и секретарот на Копнената војска на САД, Кристин Вормунт. Во Пентагон, Петровска имаше средба и со потсекретарот за одбрана, за политика Колин Кал.

Министерката Петровска се сретна и со директорот на Агенцијата за безбедносна соработка Џејмс Хрш, а учествуваше и на тркалезни маси во Националниот одбранбен институт и во Интернационалниот републикански институт.

Во рамки на посетата на САД, во Пенсилванија, министерката Петровска се сретна и со проректорот на Воениот Колеџ, Џејмс Брекенриџ, како и со офицерите на Армијата на Република Северна Македонија кои во моментот беа на школување во оваа престижна военообразовна институција во САД.

Во рамките на работната посета на САД, министерката Петровска одржа средба со Аманда Слот, Директор за Европа, Дејвид Фабрицки, Директор за НАТО и европски прашања и Адмир Музурович, Директор за Балкан и Централна Европа при Советот за национална безбедност и положи венец на Гробот на незнајниот војник на Националните воени гробишта „Арлингтон“ во Вашингтон.

Министерката Петровска заедно со заменик- помошничката на Секретарот за одбрана на САД, Лора Купер, имаа заедничко интервју за „Гласот на Америка“.

Во составот на делегацијата од Министерството за одбрана имаше вкупно 12 лица: Славјанка Петровска МО, Генерал-мајор

Азим Нуредин, Заменик началник на Генералштаб, Станислава Чулиќ Шеф на кабинет на МО, Полковник Ивица Ампов Раководител на С ектор - служба за воена безбедност и разузнавање, Полковник Горан Илиоски Раководител на Сектор за политика и планирање, Полковник Горан Павлески Одбранбено Аташе на Република Северна Македонија, Потполковник Билјана Николовска Раководител на Сектор за меѓународна соработка, Лидија Јанчовска Христова советник за односи со јавноста, Татјана Укајдари асистент на МО, Мајор Атила Аго од Сектор за меѓународна соработка, Благоја Неделковски Односи со јавноста, Филип Радевски Односи со јавноста. Во делегацијата од МО немаше медиуми.

2. На покана на Генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг – МО Петровска учествуваше на состанок на НАТО министри за одбрана во седиштето на НАТО во Брисел, К. Белгија. Министерката Петровска на 15 и 16 јуни во седиштето на Алијансата во Брисел учествуваше на состанокот на Северноатланскиот совет на ниво на министри за одбрана на земјите- членки на НАТО. Министерката исто така учествуваше и на работната вечера на министрите за одбрана на НАТО и ЕУ. За време на вечерата е разговарано за две клучни теми за Алијансата - одвраќањето и одбраната, како и споделувањето на товарот.

Во седиштето на НАТО во Брисел, министерката Петровска се сретна со помошникот генерален секретар за инвестиции во одбраната, Камил Гранд, со кого разговараше за унапредувањето на капацитетите и вмрежувањето на Центарот за обука на пилоти со останатите капацитети за обука на пилоти во Европа.

Министерката Петровска присуствуваше на работната вечера на министрите за одбрана на НАТО, и на Шведска, Финска, ЕУ, Украина и Грузија, при што Петровска упати поздрави за апликациите на Шведска и Финска за членство во Алијансата, укажувајќи на потребата од постојана координација со Европската Унија.

Министерката за одбрана оствари средба со нејзиниот романски колега, Василе Динку, на која што му упати благодарност за романската поддршка во борбата со огнените стихии во Северна Македонија минатото лето, порачувајќи му дека земјата е посветена на континуираниот развој на билатералната одбранбена соработка.

Во состав на делегацијата имаше вкупно 3 лица: МО Славјанка Петровска, Шеф на кабинет на МО Станислава Чулиќ и Раководител на Сектор за политика и планирање полковник Горан Илиоски. Во делегацијата немаше медиуми.

3. На покана на Генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг – МО Петровска во рамки на висока делегација предводена од Претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски, учествуваше на Самитот на НАТО во Мадрид, Кралство Шпанија што се одржа во периодот 28-30 јуни 2022.

Во рамките на НАТО Самитот, Министерката Петровска учествуваше на панел- дискусијата на тема: „Придонесот на НАТО за безбедноста и стабилноста во неговото соседство“, заедно со министрите за одбрана на Португалија и Бугарија, Хелена Кареирас и Драгомир Заков и Претседавачот на Воениот комитет на НАТО, адмирал Роб Бауер.

Министерката Петровска во рамките на Самитот на НАТО, учествуваше на работна вечера на министрите на одбрана на НАТО на која се дискутираше на темата „Влијанието на хибридните закани во Западен Балкан“.

Во состав на делегацијата од Министерството за одбрана имаше вкупно 3 лица : МО Славјанка Петровска, Шеф на кабинет на МО Станислава Чулиќ и Бригаден генерал Симеон Трајковски – Началник на Ј-5. За овој настан од страна на Министерството за одбрана немаше ангажирано медиуми.

Септември 2022

1. Во период од 02-03 септември, министерката Петровска, беше во работна посета на Белград, каде што имаше средба со министерот за одбрана на Србија, Небојша Стефановиќ. За време на посетата, МО Петровска беше во состав на владина делегација, присуствуваше на Отворен Балкан - Саем за вино, храна и туризам.

Во составот на делегацијата имаше вкупно 2 лица: МО Славјанка Петровска и Татјана Укајдари асистент на МО. Во делегацијата немаше медиуми.

Октомври 2022

1. Врз основа на доставена покана од претседателката на Р. Косово, Вјоса Османи на 22 октомври 2022 МО Петровска учествуваше како панелист на Women Peace and Security Forum во Приштина, Косово.

Во составот на делегацијата од Министерството за одбрана имаше вкупно 3 лица: МО Славјанка Петровска, Катерина Зафировска посебен советник на МО, Ирина Кондарко деск офицер од Сектор за меѓународна соработка. Во делегацијата од МО немаше медиуми.

2. Во периодот 6 - 8 октомври 2022 врз основа на доставена покана – МО Петровска учествуваше на политичко-безбедносен форум 2BS Forum (To Be Secure Forum) во Црна Гора, каде имаше свое обраќање на панелот насловен „НАТО подготвено за иднината, спремно, силно и одлучно“.

Во составот на делегацијата од МО имаше вкупно 4 лица: МО Славјанка Петровска, Владимир Делов кабинетски службеник, Оља Стојковска посебен советник на МО, Ана Нешовска од Сектор - служба за воена безбедност и разузнавање. Во делегацијата од МО немаше медиуми.

3. Во периодот 11-13 октомври 2022 врз основа на покана од ГЕНСЕК Столтенберг – МО Петровска учествуваше на состанок на НАТО министри за одбрана во Брисел, К. Белгија.

Во седиштето на НАТО, министерката Петровска учествуваше на сесиите на Северноатлантскиот совет на НАТО, на ниво на министри за одбрана.

На маргините на состаноците на Северноатлантскиот Совет, Министерката Петровска, учествуваше на состанок на Контакт - групата за Украина во организација на САД, заедно со секретарот за одбрана на САД, Лојд Остин, министерот за одбрана на Украина, Олекси Резников, НАТО генералниот секретар на Алијансата, Јенс Столтенберг и поголем број министри за одбрана на земјите - членки на НАТО.

Во рамките на престојот во Брисел, министерката Петровска учествуваше на состанок на земјите кои придонесуваат во Мисијата на зајакнато истурено присуство во Латвија, како дел од напорите за посилно воено присуство во источниот дел на Алијансата.

Министерката Петровска, во Брисел, се сретна со министерката за одбрана на Португалија, Хелена Кариерас, со која разговараше за потенцијалот за развој на одбранбената соработка со Португалија.

Во состав на делегацијата имаше вкупно 4 лица: МО Славјанка Петровска, Катерина Зафировска – посебен советник на МО, Раководител на Сектор за политика и планирање полковник Горан Илиоски и Владимир Поповски од Сектор за меѓународна соработка. Во делегацијата немаше медиуми.

4. По завршувањето на состанокот на министрите за одбрана во Брисел, во периодот 13-16 октомври 2022, на покана на францускиот министер за вооружени сили, Себастијан Лекорну министерката за одбрана Славјанка Петровска отпатува во работна посета на Франција, каде беше официјално пречекана од страна на францускиот колега со највисоки воени почести.

Во рамки на посетата, министрите за одбрана го потпишаа Договорот за соработка во областа на одбраната помеѓу Владата на Француската Република и Владата на Република Северна Македонија, кој претставува прв од ваков карактер меѓу двете земји. Договорот предвидува плодна билатерална соработка во повеќе области, како стратегиската одбранбена политика, организација и функционирање на силите, учество во меѓународни операции, воени вежби и тренинзи, како и воена едукација.

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, за време на својата работна посета на Франција, го посети Институтот за високи студии за национална одбрана на Франција, каде имаше официјална средба со директорот на институтот, генерал- потполковник Беноа Дуре, а оствари и средба со претставници на македонската дијаспора.

Во составот на делегацијата од МО имаше вкупно 7 лица: Славјанка Петровска МО, Бригаден Генерал Бесник Емини ГШ, Станислава Чулиќ Шеф на кабинет на МО, Полковник Ивица Сибиновиќ ГШ, Мартин Јанев од Сектор за меѓународна соработка, Благоја Неделсковски ОЈ, Филип Радевски ОЈ. Во делегацијата од МО немаше медиуми.

5. На покана на министерот за одбрана на Словенија, Марјан Шарец, во периодот 16-18 октомври, министерката Петровска беше во дводневна официјална посета на Словенија. По пречекот со воени почести во словенечкото министерство за одбрана, министерката Петровска и нејзиниот словенечки колега Шарец одржаа средба на која беше потврдена заедничката заложба за посилна одбранбена соработка бидејќи двете држави споделуваат заеднички вредности и иста цел – стабилен, мирен и безбеден регион со сигурна европска иднина.

Во рамките на посетата, министерката Петровска се сретна и со претседателот на Словенија Борут Пахор, а се обрати и на церемонија за примопредавање на музејски експонат, германски противоздушен топ од Втората светска војна, кој беше донација од Северна Македонија за Паркот за воена историја- Пивка. Министерката Петровска, заедно со словенечкиот колега Шарец беше во посета и на Воздухлопловната база на словенечките вооружени сили, каде што беше изведена показна вежба. Во рамките на посетата, министрите ја посетија и словенечката школа за операции воздух-земја.

Во составот на делегацијата од МО имаше вкупно 9 лица: Славјанка Петровска МО, Бригаден генерал Сашко Лафчиски ГШ, Станислава Чулиќ Шеф на кабинет на МО, полковник Ненад Миклош ГШ, потполковник Билјана Николовска Сектор за меѓународна соработка, Татјана

Укајдари асистент на МО, Лидија Јанчовска-Христова советник за ОЈ, Благоја Неделковски ОЈ, Филип Радевски ОЈ. Во делегацијата од МО немаше медиуми.

Ноември 2022

Во периодот 28 -29 ноември 2022 Министерката Петровска учествуваше на министерскиот состанок на Иницијативата САД-Јадранска Повелба (А5), кој се одржа во Будва, Црна Гора. Министрите и претставниците на земјите на САД – Јадранската повелба потпишаа и Заедничка изјава во која ја реафирмираа потребата од засилена соработка на Западниот Балкан, ја поздравија изработката на новиот Концепт за ревитализација на САД – Јадранската повелба, а во контекст на руско-украинската криза ја осудија руската агресија врз Украина и ја реафирмираа поддршката за напорите на украинскиот народ во одбрана на нивниот суверенитет и слобода.

На министерскиот состанок учествуваа и Селесте Валандер, помошник – секретар за одбрана на САД за меѓународни безбедносни работи, министрите за одбрана на Босна и Херцеговина, Сифет Поџиќ, на Косово, Арменд Мехај, вршителот на должност министер за одбрана на Црна Гора, Филип Аџиќ, како и високи претставници на министерствата за одбрана на Хрватска, Албанија, Словенија и Србија.

Состав на делегација: Славјанка Петровка МО, полковник Горан Илиоски Раководител на сектор за политика и планирање и Катерина Зафировска посебен советник на МО. Нема претставници од медиуми.

Декември 2022

1. Во периодот 1 и 2 декември 2022, Министерката Петровска учествуваше на министерскиот состанок на Централноевропската одбранбена соработка и земјите од Западен Балкан, во Кремс, Австрија, на кој учествуваа министрите за одбрана на Австрија и петте балкански земји – Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија.

На маргините на состанокот, МО Петровска оствари билатерална средба со австриската министерка за одбрана, Клудија Танер, со која разговараше за потребата од интензивен дијалог и соработка во однос на безбедносните предизвици на континентот, но и за потребата од брзо и ефикасно интегрирање на земјите од Западен Балкан во Европската Унија.

Состав на делегација: Славјанка Петровска МО, полковник Горан Илиоски Раководител на сектор за политика и планирање, Татјана Укајдари асистент на МО, Катерина Зафировска посебен советник на МО, Паула Гилевска Одбранбен претставник во ОБСЕ. Нема претставници од медиуми.

2023 година

Февруари 2023

1. На 21-23 февруари, министерката Петровска беше во посета на Украина, во знак на поддршка на украинското лидерство, но и украинските граѓани во борбата за одбрана на својата земја и зачувување на својот суверенитет. За време на посетата, министерката Петровска оствари

средба со украинскиот министер за одбрана, Олексеј Резников во Киев, на која ја изрази својата почит и поддршка кон украинскиот народ за храброста и одлучноста да ја одбранат сопствената територија, упатувајќи порака до украинското лидерство и украинскиот народ дека Северна Македонија силно ја осудува руската агресија врз Украина, притоа давајќи силна поддршка за нејзиниот суверенитет и право на самоодбрана.

Министерката Петровска во Киев положи венец со свежо цвеќе на Ѕидот- паметник на паднатите за Украина. При својата официјална посета на Украина, министерката Петровска, ги посети градовите Ирпин и Буча.

Во составот на делегацијата од МО имаше вкупно 7 лица: Славјанка Петровска МО, Бригаден генерал Симеон Трајковски ГШ, потполковник Билјана Николовска Раководител на Сектор за меѓународна соработка, Методија Стојчевски од Сектор - служба за воена безбедност и разузнавање, Лидија Јанчовска-Христова советник за ОЈ, Благоја Неделковски ОЈ, Јован Јовановски ОЈ. Во делегацијата имаше 4 лица од македонски медиуми 2 од TELMA и 2 од Канал 5 - Миомир Серафиновиќ, Игор Јанковски, Јован Ѓорговски, Кристијан Тодоровски.

2. Во периодот 27 февруари – 1 март 2023, на покана на МО на Чешка, Јана Чернихова, МО Петровска беше во официјална посета на Прага.

Министерката за одбрана Петровска со пречек со високи воени почести ја започна својата официјална посета на Чешката Република, во чии рамки оствари средба со чешката министерка за одбрана, Јана Чернохова.

За време на посета министерката Петровска беше во посета на Чешкиот Парламент каде оствари работна средба со Комитетот за одбрана. Исто така Петровска го посети Воздухопловниот ремонтен завод – ЛОМ.

Во составот на делегацијата од МО имаше вкупно 8 лица: Славјанка Петровска МО, Катерина Зафировска Шеф на кабинет на МО, полковник Валентин Ивановски Раководител на Сектор - воено воздухопловен авторитет, полковник Горан Кочев од Сектор за политика и планирање, Потполковник Оливер Костадиновски ГШ, Снежана Крстевска од Сектор за меѓународна соработа, Благоја Неделковски ОЈ, Јован Јанковски ОЈ. Во делегацијата од МО немаше медиуми.

<u>Март 2023</u>

Во периодот 19 – 22 март 2023 на покана од ВП и потпретседател на ЕК, Џозеп Борел МО Петровска учествуваше на Schuman Security and Defence Forum. За време на нејзиниот престој во Брисел, МО Петровска реализираше средба со Претседавачот на ВК на ЕУ, како и средби во Врховната Команда на Сојузничките Сили Европа-SHAPE, Монс, како и средби со високи претставници на НАТО во Седиштето на НАТО.

Во состав на делегацијата имаше 6 лица: МО Славјанка Петровска, полковник Горан Илиоски Раководител на Сектор за политика и планирање, Татјана Укајдари асистент на МО, Марија Каевска од КМО, Благоја Неделковски ОЈ, Јован Јанковски ОЈ. Немаше медиуми.

Мај 2023

Министерката за одбрана Славјанка Петровска во периодот 9-11 мај 2023 престојуваше во дводневна работна посета на Грција. Во Атина МО се сретна со нејзиниот грчки колега, министерот за национална одбрана Николаос Панагиотопулос. На средбата министрите Петровска и Панагиотопулос изразија задоволство од интензитетот на одбранбената соработка помеѓу Северна Македонија и Грција која во последните три години бележи силна нагорна линија, а стана збор и за процесот на модернизација и за капацитетите на воената индустрија на двете земји.

Во Атина, министерката Петровска го посети и Меѓународниот саем за одбрана и вооружување DEFEA 23, каде 346 изложувачи од 28 земји прикажаа дел од најновата и најсофистицирана воена опрема, што е од круцијално значење имајќи предвид дека Северна Македонија е во фаза на сеопфатна модернизација и опремување на армиските сили.

Во составот на делегацијата од МО имаше вкупно 6 лица: Славјанка Петровска МО, Оља Стојковска посебен советник на МО, Бригаден генерал Симеон Трајковски, Ирина Кондарко од Сектор за меѓународна соработка, Благоја Неделковски ОЈ, Јован Јанковски ОЈ. Во делегацијата од МО немаше медиуми.

Јуни 2023

1. Со посета на Државниот Универзитет на Северна Каролина и Институтот за безбедносни студии Triangle, започна повеќедневната работна посета на министерката за одбрана Славјанка Петровска на Соединетите Американски Држави (3 до 13 јуни 2023).

Министерката Петровска при посетата на Државниот универзитет се сретна со проректорката, проф. д-р Хајди Хобс, директорката за глобални партнерства Сара Олсон, и директорот на мастер програмата за меѓународни студии проф. д-р Марк Нанс. На средбата, министерката го истакна значењето на академската заедница во борбата против најновите безбедносни закани и порача дека можноста за соработка со овие високо-образовни институции ќе придонесе за зајакнување на едукацијата и подготвеноста на идните офицери и лицата од одбранбениот сектор во справувањето со нив.

По средбата министерката Петровска се обрати пред студентите, професорите, членовите на алумни-асоцијацијата на Универзитетот и експертската јавност при што изрази уверување дека оваа посета го трасира патот за долготрајна плодна соработка.

За време на посетата на Институтот за безбедносни студии Triangle чиј фокус е проучување на националната и меѓународната безбедност, министерката Петровска заедно со членовите на извршниот одбор потпишаа Меморандум за разбирање помеѓу двете институции. Целта на овој

меморандум подразбира развој на практична, академска и образовна соработка, односно развој на заеднички програми од областа на борбата со дезинформациите, контролата на вооружувањето, сајбер и хибридното војување, развојот на истражувачки активности, како и размена на студенти, професори, истражувачи и едукативни материјали.

Значаен дел од посетата беше наменет и за одбележување на 30-годишнината од воспоставувањето на стратешкото партнерство помеѓу Армијата на Република Северна Македонија и Националната гарда на Вермонт. Во Брлингтон, министерката Петровска посети неколку капацитети на Националната гарда на Вермонт, имаше средба и со гувернерот на оваа сојузна држава, Фил Скот, а домаќин на делегацијата беше командантот на Националната гарда на Вермонт, генералот Грегори Најт. Министерката за одбрана Славјанка Петровска и делегацијата при престојот во сојузната држава Вермонт, го посетија и Универзитетот „Норвич“, кој е и најстариот приватен воен колеџ во Соединетите Американски Држави.

При посетата на „Норвич“, министерката Петровска се сретна со претседателот на Универзитетот, генерал мајор Марк Анарумо, со кого разговараше за можностите за продолжување на успешната соработка помеѓу Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ и овој Универзитет. Петровска и Анарумо изразија интерес за продолжување на воспоставената пракса на размена на питомци.

Посетата на САД министерката Петровска ја продолжи со официјални средби во Вашнгтон.

Со високи воени почести, министерката Петровска беше пречекана од страна на американскиот секретар за одбрана Лојд Остин при официјалната посета на Пентагон.

На средбата со американскиот секретар за одбрана Остин, стана збор за иднината, за предизвиците и за тоа како и двете земји да останат гарант на сигурноста и стабилноста на Балканот и на евроатлантската област. Министерката за одбрана Славјанка Петровска и секретарот за одбрана на САД, Лојд Остин на средбата во Пентагон ги поставија темелите за развој на одбранбената соработка помеѓу сојузниците – Северна Македонија и САД, за следните десет години. Петровска и Остин потпишаа „road map„- документ кој ги дефинира областите во македонско-американската одбранбена соработка кои ќе бидат приоритетни во следната декада и преку кои ќе се развива одбраната и Армијата.

Во Стејт Департментот, МО Петровска имаше средба со првиот асистент на помошник државниот секретар за политичко-воени прашања, Стенли Браун, на која стана збор за проектите за унапредување на капацитетите на Министерството за одбрана и на Армијата на Република Северна Македонија. За време на престојот во Вашингтон, Министерката ја посети и Агенцијата за безбедносно – одбранбена соработка на САД, каде оствари средба со директорот Џејмс Хрш.

Во составот на делегацијата од МО имаше вкупно 10 лица: Славјанка Петровска МО, Катерина Зафировска Шеф на кабинет на МО, Оља Стојковска посебен советник на МО, Елмас Хасановиќ Раководител на одделение во Сектор за меѓународна соработка (дел од делегацијата само за време на посетата во Северна Каролина), Бригаден генерал Бесник Емини ГШ, поручник Тамара Лазаревска од Сектор за меѓународна соработка, полковник Горан Илиоски Раководител на Сектор за политика и планирање, полковник Горан Павлески Одбранбен Аташе на Република Северна Македонија (се приклучува на делегацијата од Вашингтон), Благоја Неделковски ОЈ, Јован Јанковски ОЈ. Заедно со делегацијата имаше 3 лица од македонските медиуми 2 од ТЕЛМА и 1 од ТВ 21 - Миомир Серафиновиќ, Игор Јанковски, Јовица Пауновски кои известуваа за активностите од Вермонт и Вашингтон.

2. По завршувањето на официјалната посета на САД, во периодот 14-16 јуни врз основа на покана од ГЕНСЕК Столтенберг – МО Петровска учествуваше на состанок на НАТО министри за одбрана во седиштето на НАТО во Брисел, К.Белгија. За време на посетата, на покана од Friends of Europe МО Петровска учествуваше и на работна вечера на високо ниво во чест на генерал Кристофер Каволи, Supreme Allied Commander Europe (SACEUR).

Во состав на делегацијата имаше вкупно 5 лица: МО Славјанка Петровска, Раководител на Сектор за политика и планирање полковник Горан Илиоски, Елмас Хасановиќ Раководител на одделение во Сектор за меѓународна соработка, Благоја Неделковски ОЈ, Јован Јанковски ОЈ. Со делегацијата патуваа 2 лица од македонските медиуми (Мартин Арсов и Славе Стојановски - СИТЕЛ).

Јули 2023

Во периодот 10 до 12 јули 2023, врз основа на покана од ГЕНСЕК Столтенберг – МО Петровска во рамки на висока делегација предводена од Премиерот на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски, учествуваше на НАТО Самитот во Вилнус, Литванија. МО Петровска учествуваше на состаноците на Северноатлантскиот совет во рамки на лидерскиот Самит на НАТО како и на одвоениот состанок на министри за одбрана.

На маргините на самитот на НАТО во Вилнус министерката Петровска имаше голем број средби со колеги министри за одбрана на сојузничките земји и учествуваше и на работна средба со жените-лидери, министерки за одбрана и за надворешни работи на сојузничките земји.

Во состав на делегацијата од МО имаше вкупно 3 лица: МО Славјанка Петровска, Шеф на кабинет на МО Катерина Зафировска, полковник Ивица Ампов воен претставник при Делегацијата на Република Северна Македонија во НАТО со седиште во Брисел.

Во однос на второто прашање: Одлуки за службените патувања за начинот на избор на медиумите кои патувале со министерката

Во Министерството за одбрана не е воспоставена писмена процедура за начин на избор на медиумски екипи кои ќе бидат поканети на службени патувања надвор од земјата. Во споменатиот период, заедно со делегациите на министерката за одбрана медиумски екипи имаше во три случаи – при посетата на Украина февруари 2023, при официјалната посета на САД во јуни 2023 година каде министерката Петровска се сретна со американскиот секретар за одбрана Лојд Остин и беше одбележана 30 годишнината од партнерството меѓу Армијата на Северна Македонија и Националната гарда на Вермонт, како и за време на работната посета на Брисел во јуни 2023.

Министерството за одбрана, сакајќи да ја зголеми објективноста при известувањето од работни и официјални посети на официјалните делегации предводени од министерката, на предлог на секторот за односи со јавност во Министерството, покани неколку национални медиуми да ја покријат посетата на Украина и САД, а во случајот на посетата на Брисел излезе во пресрет за покривање на трошоците за патувањето на новинарската екипа.

Во однос на изборот на медиумите, истиот се базира на гледаноста на медиумот, опсегот на медиумот на национално ниво и структурата на гледачите во согласност со различната етничка припадност на граѓаните во Северна Македонија. При споменатите посети, Министерството за одбрана им понуди на неколку национални куќи да ги проследат посетите, но не доби позитивен одговор од сите.

При еднодневната посетата на Украина, заедно со делегацијата предводена од министерката патуваа новинарски екипи од Телевизија Телма и од Канал5 Телевизија, додека при посетата на САД, новинар од ТВ21 и телевизиска екипа од Телевизија Телма. За Брисел патуваше една новинарска екипа од ТВ Сител составена од новинар и снимател.

Во иднина, доколку се процени дека одреден настан теба да биде медиумски покриен поради важноста на настанот за државата при што е неопходен објективен приказ на состојбите од новинари на лице место, таа можност ќе им биде понудена на други медиуми за да нема незадоволство и за да нема простор за каков било сомнеж за фаворизирање на медиуми.

Во однос на третото и четвртото прашање: Исплатените фактури за превоз и сместување на медиумските тимови на службените патувања.

Во периодот од јуни 2022 до 15 јули 2023 година, со делегациите на министерката за одбрана, медиумски тимови имаше во три делегации и тоа: при посетата на Украина февруари 2023, посетата на САД во јуни 2023 година, и во Брисел во јуни 2023 година. Во прилог доставиме поединечни фактури за секоја посета пооделно.

Истовремено посочуваме дека за службеното патување во Украина имаше трошоци само за за авио билети и истите беа на товар на Министерство за одбрана (фактура во прилог).

За патувањето во Брисел авио билетите ги покри Министерството за одбрана (Фактура во прилог) додека пак сместувањето на медиумските тимови не беше на товар на МО.

За патувањето во САД за 3-цата претставници од медиумите, трошоците за превоз и сместување се покриени од страна на Министерството за одбрана (фактури во прилог).

Во однос на 5-то прашање: Изводи од службени картици на Министерката, во период од јуни 2022 до 15 јули 2023 година.

Врз основа на укажана потреба и доставено барање од страна на Кабинетот на министерката, до Секторот за финансии во министерството, извршени се плакања како што се наведени во изводите кои Ви ги доставуваме во прилог.

Службената картичка на министерката Славјанка Петровска е издадена на 27.06.2022 година. Прв извод има од 08 месец (август) 2022 година.

Август 2022

- Работна вечера со високи претставници на амбасадата на САД во Скопје (13.540,00 денари).

- Работна вечера со претставници од German Marshall Fund (6.090,00 денари).

Септември 2022

- На 3 септември, во рамките на Отворен Балкан Саемот за вино, храна и туризам, кафе средба со претставници на делегации од други земји учеснички (41.99 евра).

- На 20 септември, работен ручек со претставници од DCAF - Женевски Центар за демократска контрола на вооружените сили (7.300,00 денари).

Октомври 2022

- На 12 и 13 октомври во рамките на Советот на НАТО министри за одбрана во Брисел, кафе средба со новинари од македонски медиуми (58 евра).

- На 14 и 17 октомври при официјалните посети на Франција и Словенија, каде беа разменувани подароци помеѓу министрите за одбрана имаше потреба од доплата за чекирање на дополнителен куфер (70 евра).

- За време на посетата на Франција, неколку кафе средби со претставници на македонската дијаспора и бизнис партнери (112.60 и 58.80 евра).

- За време на посетата на Словенија, работна вечера со претставници од македонската и словенечката амбасада (228.80 евра).

Декември 2022

- На 1-2 декември, хотелско сместување за време на состаноците на министри за одбрана од Централна Европа и Западен Балкан во Австрија (190 евра).

- На 2 декември, работен ручек со претставници од македонската амбасада во Виена и ОБСЕ (230 евра).

- На 24 декември за време на новогодишен настан во организација на Министерството за одбрана наменет за децата од Украина во Северна Македонија, послужување со безалкохолни пијалаци (5.800 денари).

Јануари 2023

- На 20 јануари, работен ручек со делегација на НАТО (12.670 денари).

- На 31 јануари, работна вечера со делегација од ОБСЕ (8.760 денари).

Февруари 2023

- На 21 февруари за време на посетата на Украина, имав кафе средба со претставници на амбасадата и ОБСЕ за време на паузите помеѓу летови (143 евра).

- На 27 февруари за време на посетата на Р. Чешка, работна вечера со претставници на одбранбена индустрија (201.62 евра).

- На 28 февруари за време на посетата на Р. Чешка, работна вечера со тимот на чешкото воздухопловство (279.72 евра).

Март 2023

-Надополнување на картичката од страна на Секторот за финансии (5.663.43 евра)

-На 21 март за време на учеството на Schuman Security Forum, работен ручек со високи претставници на ЕУ и НАТО (471 евра).

Април 2023

- На 18 април, работен ручек со висок претставник од Амбасадата на САД (5050 денари).

- На 22 април за време на учеството на состанокот на Контакт групата за Украина што се одржа во Германија, работен ручек со високи претставници од НАТО (112.60 евра).

Мај 2023

- На 07.05.2023 година работен ручек со претставик од НАТО (1900 денари).

- На 09.05. 2023 година за време на учество ма меѓународниот саем ДАЕФ во Атина, работен ручек со високи претставници од НАТО и од амбасадата (242 евра).

Јуни 2023

- Кафе-средба за потребите на Секторот за Меѓународна соработка, со офицер за врски, во Рајли, Северна Каролина (45.70 долари).

- Заеднички работен ручек со претставници на Постојната мисија при НАТО и претставници на НАТО, во Брисел, К. Белгија (227 евра).